Барањето треба да ги содржи следните податоци и документација:

- име и адреса на барателот;

- хранливата материја или друга супстанца, или прехранбен производ или категорија на прехранбениот производ, во однос на која треба да се истакне здравственото тврдење, како и нејзините карактеристични својства;

- копија од истражувачка работа, вклучувајќи, кога е достапна, и независна ревизија за истата, која била извршена во однос на здравственото тврдење и секаков друг материјал кој е достапен за да се покаже дека здравственото тврдење е во согласност со критериумите утврдени во Правилникот за нутритивни и здравствени тврдења во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната.

- укажување на информации кои треба да се сметаат за сопственички, придружени со оправдување кое може да се потврди.

- копија на други научни истражувања кои се релевантни за тоа здравствено тврдење.

- предлог за текстот на здравственото тврдење за кое се бара одобрение вклучувајќи, ги и посебните услови за употреба;

- резиме на барањето.

Истражувачката работа е прифатлива во форма на клиничка студија каде јасно се дефинирани следните параметри:

1. главен истражувач и институцијата каде се врши истражувањето,
2. протокол на истражувањето и
3. доказ дека истражувањето поминало на етичка комисија.

Ако постои во барањето укажување на информации кои треба да се сметаат за сопственички, придружени со оправдување кое може да се потврди, Агенцијата за храна се обврзува да гарантира доверливост за податоците со потпишување на договор за тајност, а членовите на Комисијата ќе бидат обврзани со нотарски изјави за доверливост и тајност на податоците. Трошоците за овие активности ќе бидат на товар на барателот.

УПЛАТНИЦА

Цел на дознака: Издавање одобрение за здравствени тврдења

Назив на примачот : Трезорска сметка , Буџет на РМ

Банка на примачот: Народна банка на РМ

Трансакциона сметка бр.100000000063095

Износ: 400,00 денари

Уплатна сметка: 840 ххх 03161

Приходна шифра: 722313 Програма 00